# Го застрелал својот другар на лов во Струмичко

27/01/2020



Во текот на вчерашниот ден, 64-годишен струмичанец бил застрелан во градите од својот другар со кого заедно биле на лов. Струмичанецот со тешки повреди бил пренесен на Клинички центар.

„На 26.01.2020 во Полициската станица Струмица било пријавено дека во 08.00 часот на место викано „Чепели", атар на село Раборци, струмичко, Н.Н.(64) од Струмица, додека бил на лов заедно со други лица, бил погоден од ловен патрон во пределот на градите. Според пријавеното, патронот бил испукан од М.Ш.(69), со кого биле заедно во лов, но го погодил Н.Н., кој се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и увидна екипа на СВР Струмица", додаваат од МВР.

*Содржините, графичките и техничките решенија се заштитени со издавачки и авторски права (copyright). Крадењето на авторски текстови е казниво со закон. Дозволено е делумно превземање на авторски содржини (текст и фотографии) со ставање хиперлинк до содржината што се цитира.*